Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: 27-10-2020
Прилог: Shtojcë:
43-8947/3

22.10.2020

15. октомври, 2020

**Архивски број: 02-6464/3**

**До:** **Фондација отворено општество - Македонија**
**Ул. „Чедомир Миндеровиќ" бр. 31 – Скопје**

**Копија до:** **Влада на Република Северна Македонија**
**Генерален секретаријат**

**Предмет:** **Произнесување во однос на Ваша предлог-иницијатива**

**Врска:** **Допис од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со бр. 43-8947/1, заведен во Министерството за транспорт и врски со бр. 02-6464/1 од 30.09.2020 година**

Почитувани,

До министерството за транспорт и врски од страна на Генералниот секретаријат е доставена предлог-иницијатива поднесена од Фондацијата „Отворено општество – Македонија" од Скопје, која се однесува на „структурен дијалог со граѓанските организации".

Во однос на оваа предлог-иницијатива, а во консултација со Секторот за Европска Унија кој функционира во рамките на Министерството за транспорт и врски, Ве известуваме дека во тек е проект за „Унапредување на структурниот дијалог помеѓу институциите и граѓанскиот сектор во процесот на пристапување кон ЕУ" кој го спроведува Фондацијата Отворено општество Македонија во соработка со Центар за граѓански комуникации ЦГК-Скопје, Евротинк – Центар за европски стратегии и Реактор-истражување во акција како партнери и Секретаријат за европски прашања како соработник на проектот. Истиот е започнат во април 2019 година и е со времетраење од 3 години. Во однос


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев " бр. 6, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

на овој проект, во Министерство за транспорт и врски на 11.06.2019 година се одржа состанок на кој беше презентирано дека активностите на проектот се мониторинг на работата на Секторските работни групи и активирање на граѓанските организации за учество во секторскиот пристап, а со цел да се зајакнат секторските работни групи и соработката помеѓу Владата и цивилното општество.

Пред започнување на проектот во 2019 година, како пракса беше воведено поканување на граѓанските организации на состаноци на Секторската работна група, а кои се засегнати од темите кои се разгледуваат на предметниот состанок. Имено, претставници на граѓанските организации беа поканети на состаноци на Секторската работна група за транспорт на 11.05.2018, 21.12.2018 и 02.07.2020 година, но на последните одржани состаноци, иако редовно поканети претставниците од НВО не присуствуваа .

Имајќи предвид дека барањето во иницијативата на ФООМ се однесува на одлука за изменување на деловниците за работа на секторските работни групи и измена и дополна на предметните деловници за секоја секторска работна група, сметаме дека од особена важност е да се произнесе Секретаријатот за европски прашања како надлежен Секретаријат за Национален ИПА координаторво врска со можноста за реализација на предлог иницијативата на ФООМ и потенцијалните ризици од поклопувања на предлог иницијативата со проектот кој е во тек.

Однапред благодариме за соработката.

Со почит,

Благој Бочварски
Министер

Подготвил: Драган Симоновски
Одделение за стратешко планирање, креирање политика и следење


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев " бр. 6, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk